Врз основа на член 141 од Законот за минералните суровини ("Сл. весник на РМ" бр. 18/99), член 16 од Законот за концесија ("Сл. весник на РМ" бр. 42/93), Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Сл. весник на РМ" бр. 35/99 и 61/99 и бидејќи "Д.П.И.Т. " МАК -АЉБ" Тетово, поседува одобрение Уп. бр.09-1-97/4 од 10.04.1998 година, на Министерството за стопанство за експлоатација на експлоатационо поле, одлука за определување на условите за градба за објектот и упростен рударски проект врз основа на задолжението од точка 4 од решението, се оцени дека се исполнети условите за склучување на овој договор за концесија за експлоатација на минералната суровина варовник согласно член 141 од Законот за минерални суровини.

1. **Владата на Република Македонија, како концедент, застапувана од министерот за стопанство М-р Борко Андреев, и**

2. **Д.П.И.Т. "МАК - АЉБ" Тетово, како концесионер, застапувано од лицето Шефки Алити,**

на ден 28.03 2000 година во Скопје, склучија:

## ДОГОВОР

### за концесија за експлоатација на минералната суровина варовник на лежиштето Добарски Жеден, општина Желино

Предмет на договорот

*Член 1*

Со овој договор се уредуваат начинот и условите под кои се дава концесија за експлоатација на минералната суровина **варовник** на експлоатационото поле на лежиштето **Добарски Жеден**, општина **Желино** висината и начинот на плаќањето на надоместокот на добиената концесија за експлоатација на минералната суровина **варовник** , како и други права и обврски кои произлегуваат за концесионерот и концедентот.

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул."Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

Концесијата од став 1 на овој член се дава за период од 30 години со можност за продолжување од уште еден период од 30 години.

*Член 2*

Експлоатационото поле од член 1 на овој Договор се наоѓа на лежиштето **Добарски Жеден, општина Желино** ограничено со точки, дефинирано со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени во ситуационата карта и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА X | КООРДИНАТАY |
|---|---|---|
| А | 7 508 907 | 4 647 391 |
| Б | 7 508 964 | 4 647 574 |
| С | 7 509 043 | 4 647 758 |
| Д | 7 509 096 | 4 647 685 |
| Е | 7 509 053 | 4 647 552 |
| F | 7 508 996 | 4 647 349 |

Површината на експлоатационото поле од став 1 на овој член изнесува 0, 075 $км^2$.

Концесионерот е должен да го околчи експлоатационото поле од член 2 став 1 на овој Договор. Околчувањето ќе го изврши Министерството за стопанство на сметка на концесионерот.

Составен дел на овој Договор е приклучената топогравска карта во мерка М= 1 : 25 000 во Гаус - Кригерова проекција на која се нацртани границите на експлоатационото поле со соодветни точки поврзани меѓусебно со прави линии, оделени со координати и е составен дел на овој Договор и даден во Прилог 1.

ОБВРСКИ И ПРАВА

*Член 3*

Концедентот се обврзува, доколку концесионерот не го решил прашањето на правото на користење на земјиштето на експлоатационото поле од член 2 на овој Договор, да му обезбеди можности за експропријација на земјиштето кое се наоѓа на предметното експлоатационо поле, на сметка на концесионерот, односно да обезбеди владение и користење на земјиштето за експлоатационото поле од член 2 на овој Договор.

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул."Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

*Член 4*

Концесионерот е должен пред отпочнувањето на вршењето на експлоатацијата да го регулира правото на сопственост на резултатите што се добиени со вршење на деталните геолошки истражувања на експлоатационото поле од член 2 на овој Договор со сопственикот на тие резултати при што концедентот се обврзува да посредува помеѓу концесионерот и сопственикот на резултатите од извршените детални геолошки истажувања.

Концесионерот се обрзува да склучи договор за користење на постојните пристапни патишта до експлоатационото поле од член 2 на овој Договор, со лицето кое стопанисува со тие патишта.

Концесионерот се обврзува дека ќе ги поденесе сите трошоци потребни за работите кои се однесуваат на реконструкција како и на тековно и инвестиционо одржување на постојниот пристапен пат до експлоатационото поле, а кои се потребни за непречен транспорт на експлоатираната минерална суровина.

*Член 5*

Концесионерот е должен да го подготви лежиштето за експлоатација во рок од една година од денот на склучувањето на овој Договор.

Доколку во рокот определен во претходниот став од овој член концесионерот не отпочне со експлоатацијата ќе му се одземе концесијата.

*Член 6*

Концесионерот не може да склучува договор за пренесување на добиената концесија и да го дава под закуп експлоатационото поле од член 2 од овој договор без согласност на концедентот.

*Член 7*

Концесионерот се обврзува експлоатацијата на минералната суровина **варовник** на експлоатационото поле, опишано во член 1 и член 2 на овој Договор да ја врши во согласност со одредбите од Законот за минерални суровини, односно:

- доколку гради нови рударски објекти да обезбеди одобрение за градба на тие објекти;

- да не ги употребува изградените рударски објекти без решение за употреба на објектот, освен во случаите кога е потребно да се изврши пробно работење на објектот;

- по завршувањето на експлоатацијата на минералната суровина на наоѓалиштето или дел од наоѓалиштето, односно по престанувањето на работите на експлоатацијата на минералната суровина, да постапи според главниот рударски проект, односно земјиштето да го приведе во култура и да ги спроведе мерките со кои се обезбедува заштита на луѓето, имотот, животната средина и природата и заштита на водите. Во спротивно Министерството за стопанство ќе ги изврши тие работи на товар на концесионерот;

- во рударски објекти, како што се поткопи, јами, површински копови, бунари и други објекти, не смее да се врши депонирање на штетни, отпадни и радиоактивни материи;

- водите што се појавуваат при изведувањето на рударските работи за експлоатација на минералната суровина, концесионерот мора, согласно прописите со кои се уредува заштитата на водите од загадување, да ги исчисти отпадните води од штетните состојки пред да ги испушти како површински води;

- да го извести благовремено Министерството за стопанство и Републичкиот инспекторат за техничка инспекција за секое привремено запирање како и за трајното запирање на експлоатационите работи;

- по трајното запирање на експлоатационите работи да ги предаде сите рударски планови, сите геолошки карти на експлоатационите работи и друга геолошка документација, мерачките книги и другата документација за состојбата на рударските работи на Министерството за стопанство;

- да обезбеди на одделни работни места работите да ги вршат лица што ги исполнуваат пропишаните услови;

- при вршењето на рударските работи да ги спроведе пропишаните мерки и нормативи за заштита при работа, и прописите за безбедност на луѓето и имотот;

- да врши рамномерна и рационална експлоатација на целокупното рудно наоѓалиште во согласност со ревидираниот проект за експлоатација;

- во случај при вршењето на активностите на отворање на рудник, концесионерот да наиде на стари археолошки градби, или други објекти од слична природа, должен е веднаш истите да ги пријави во Министерството за стопанство.

Во случаите од став 1, алинеа 3, 4 и 5 концедентот ќе му ја одземе концесијата за експлоатација на концесионерот.

*Член 8*

Ако при вршењето на активностите на отварање на рудникот, или во текот на експлоатацијата концесионерот наиде на стари археолошки градби или други објекти од слична природа, должен е веднаш истите да ги пријави во Министерството за стопанство.

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул. "Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

Концесионерот гарантира дека сите фосили, монети, предмети со вредност или антиквитети или други слични остатоци, се и ќе останат сопственост на давателот на концесијата.

Доколку откриените предмети се подвижни ќе му се дозволи на концедентот на негов трошок да влезе во експлоатационото поле (рудникот), заради нивно отстранување од експлоатационото поле.

Доколку откриените предметите се неподвижни ќе им дозволи на стручните лица овластени од концедентот или надлежната власт да изврешат-испитувања што се бараат со закон или на друг начин се сметаат за неопходни, на трошок на концедентот.

За трошоците што ќе настанат со престанокот на вршењето на експлоатацијата заради реализација на работите од став 3 и 4 на овој член, договорните страни ќе склучат нов договор. При тоа, концедентот има право да бара концесионерот да вложи напори да ја реорганизира работната програма за да ги минимизира или избегне зголемените трошоци.

Доколку дојде до запирање на работите за отварањето на рудникот или на вршењето на експлоатацијата на минералната суровина, концедентот се обврзува да ја продолжи концесијата за експлоатацијата на минералната суровина за онолку време за колку е запрено вршењето на експлоатацијата.

*Член 9*

Концесионерот е должен да ги надомести во целост штетите причинети на трети лица при вршењето на активностите на експлоатацијата.

*Член 10*

На име надоместокот за концесијата за вршење на експлоатација за минералната суровина **варовник** концесионерот се обврзува да плаќа:

- концесиски надоместок за простор од 30.000,00 ден./км$^2$ годишно; и
- концесиски надоместок за продаден производ во висина од 0,2% од вредноста на продадената минерална суровина варовник

Ако концесионерот ископаната минерална суровина **варовник** истовремено ја преработува во финален производ ќе плаќа концесиски надоместок од 0,2% од пресметаната вредност на издадената ископана минерална суровина во натамошна преработка.

Обврската за плаќање на надоместокот од став 1 алинеја 2 и став 2 на овој член доспева до 15-ти во месецот по истекот на месецот во кој е продадена односно издадена минералната суровина **варовник**.

Заради овозможување увид во продажбите од алинеја 2 на став 1 на овој член концесионерот се обврзува дека секои 15 дена ќе ги доставува до Министерството

за стопанство сите фактури од продадената минерална суровина варовник пресметана во тони.

Надоместокот од став 1 алинеја 1 на овој член, концесионерот е должен да го плати за првата година најдоцна до 31 декември за тековната година, а за секоја наредна година најдоцна до 31 декември за тековната година.

Доколку дојде до измена на прописите за висината, начинот и условите за наплата на концесискиот надоместок, плаќањето на концесискиот надоместок ќе се уреди со посебен анекс кон овој Договор.

Надоместокот од овој член, концесионерот ќе го уплатува на сметката на буџетот на Република Македонија.

*Член 11*

Концесионерот е должен во секое време да води евиденција на произведената минерална суровина во посебно устроена книга заврена од страна на концедентот. Податоците во книгата за евиденција на произведената руда се внесуваат врз основа на соодветна документација.

Ако при експлоатацијата на рудата се врши откопување на раскривка, концесионерот е должен да води евиденција и за таа раскривка.

Концесионерот се обврзува пред почетокот на експлоатацијата да направи нулта снимање на површински коп доколку врши површинска експлоатација.

*Член 12*

Доколку во текот на експлоатацијата на минералната суровина варовник концесионерот смета дека нема економски интерес за реализација на проектот, односно за експлоатација, тој е должен да го извести концедентот дека се откажува од концесијата и ке поднесе барање за раскинување на овој Договор.

Во случаите од став 1 на овој член, концесионерот е должен да ги надомести на концедентот правата на надоместок за концесијата од член 10 на овој Договор, да го рекултивира земјиштето доколку е тоа потребно, како и да му плати надоместок на концедентот на име изгубена добивка.

Во случаите од став 1 на овој член, концесионерот е должен да ја предаде целокупната техничка документација во врска со проектот и проектот да го достави до Министерството за стопанство

Член 13

Концедентот ќе му стави на располагање на користење на концесионерот копиите или оригинали од целокупната документација припремена во претходните фази на извршените основни геолошки истражувања.

Член 14

Концесионерот е должен да доставува до Министерството за стопанство редовни тримесечни извештаи за напредувањето на активностите за отварање на рудникот доколку на експлоатационото поле од член 2 на овој Договор преземе активности за отварање на нов рудник за експлоатација на минерална суровина **варовник.**

Член 15

Концедентот се обврзува да ја откупува целокупната количина на минералната суровина добиена со експлоатацијата по берзанска цена што важат на денот на продавањето, доколку истата се забрани да се извезува.

Член 16

Ако извозот на минералната суровина **варовник** чија експлоатација е предмет на овој Договор со закон или друг пропис е ограничен на било каков начин или за извозот е потребна дозвола, согласност или одобрение од надлежен државен орган, концедентот се обврзува дека ќе му овозможи на концесионерот непречено да ја добие таквата дозвола, согласност или одобрение.

Член 17

Концедентот се обврзува да му обезбеди на концесионерот користење на сите права во однос на даночните, царинските и други олеснувања предвидени со законите на Република Македонија.

Член 18

Ако во било кое време Концесионерот не е во состојба да ги изврши целосно или дел од своите обврски, предизвикани од Виша Сила, за таквите причини ќе го извести Министерството за стопанство.

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул."Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

*Член 19*

Под "Виша Сила" се смета непредвидливите настани за кои договорните страни немале сознание и неможеле да ги предвидат, а кои имаат негативно влијание во вршењето на експлоатацијата, како што се:

а) војна, инвазија, акт на странски непријател, терористички акт, граѓанска војна, востание и бунт од страна на сили непријателски за Владата, што резултира со нанесување штети или уништување на работите или на било кој нивен значаен дел, или со нанесување штета или уништуваење на значителен дел од опремата на концесионерот;

б) земјотреси, пожари, поплави, во различен или прекумерен степен на климатски и природни непредвидливи настани што ќе оштети или уништи значителен дел од опремата на концесионерот на експлоатационото поле;

в) индустриски спорови или штрајкови.

*Член 20*

Сите информации кои произлегуваат од правата и обврските на овој договор, како и информациите кои потекнуваат од вршењето на активностите согласно овој договор, ќе се сметаат за тајна на договорните страни.

*Член 21*

По истекот на времетраењето на концесијата, односно по трајното престанување на концесијата за експлоатацијата, сите поткопи, шахти како и нивните прегради стануваат сопственост на концедентот без плаќање на надомест.

Неподвижните објекти како згради, хали, сепарациони и други објекти, по истекот на времетраењето на концесијата, односно по трајното престанување за концесијата за експлоатација, концесионерот може да ги отуѓи.

Инсталациите, опремата, приборот за работа (машини) по истекот на времетраењето на концесијата, односно по трајното престнување на концесијата за експлоатација се сопственост на имателот на концесијата како и останатите концентрати или количините на минерална суровина заровник што не е продадена поради неповолните услови на цената на светскиот пазар.

На барање на концедентот, во рок што тој ќе го определи концесионерот е должен да ја отстрани опремата и непродадените количина на минералната суровина заровник или нејзините концентрати од предходниот став.

# РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

*Раскинување поради виша сила*

*Член 22*

Ако поради настан на виша сила натамошната реализација на овој договор е невозможна, концесионерот ќе го извести концедентот во рок од 30 дена од појавата на тој настан, со опис на настанот неговите веројатани економски последици. Концедентот и концесионерот ќе се консултираат за изнаоѓање на заедничко задоволувачко решение поради овие изменети околности.

Ако во рок од 3 месеци од појавата на настанот на виша сила, не дојде до заедничко задоволувачко решение, концесионерот има право да го раскине договорот, за што писмено ќе го извести концедентот.

*Член 23*

Ако дојде до раскинување на договорот во случај на настан на виша сила во текот на вршење на експлоатацијата на минералната суровина, за која е доделена концесијата, концесионерот се обврзува да ги исплати сите давачки на концедентот определени со член 10 од овој Договор, како и да ја предаде целокупната техничка документација во врска со проектот и проектот да го достави до Министерството за стопанство.

По однос на правото на сопственост на подвижните и неподвижните предмети ќе се применуваат одредбите од член 21 од овој договор.

*Раскинување на договорот од страна на концедентот*

*Член 24*

Концедентот има право да го раскине договорот ако:

- концесионерот постапува спротивно на одредбите од член 7 став 1 алинеи 3, 4 и 5 од овој Договор; и

- концесионерот надоместокот за концесија определен со член 10 став 1 алинеја 2 од овој Договор не го платил за период од три месеци.

**"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт**
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул. "Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

Во случаите од став 1 на овој член концесионерот е должен да ја предаде целокупната техничка документација во врска со проектот и проектот да го достави до Министерството за стопанство, веднаш по раскинувањето на Договорот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 25*

Договорните страни се согласни споровите настанати во врска со примената на овој Договор да ги разрешат договорно и по мирен пат.

Во случај спорот да неможе да се разреши на начинот предвиден во став 1 на овој член, договорните страни се согласни спорот да го решаваат пред надлежниот суд во Скопје, според материјалното и процесното право на Република Македонија.

*Член 26*

Овој договор е составен од 4 (четири) еднообразни примероци, по два за секоја од договорните страни.

*Член 27*

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од договорните страни.

*ЗА КОНЦЕСИОНЕРОТ,*

*Шефки Алити*

*ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*МИНИСТЕР ЗА СТОПАНСТВО*

*М-р Бранко Андреев*

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул."Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

Граници на експлоатационо поле
на каменолом "Добарски Жеден" – Тетовско
М = 1:25.000




| Точка | Координати | |
|---|---|---|
| | X | Y |
| A | 7 508 907 | 4 647 391 |
| B | 7 508 964 | 4 647 574 |
| C | 7 509 043 | 4 647 758 |
| D | 7 509 096 | 4 647 685 |
| E | 7 509 053 | 4 647 552 |
| F | 7 508 996 | 4 647 349 |

Површина на експлоатационо поле
P = 0.075

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул. "Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

# I.4 Odobrenie za gradba

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**Бр. 07 Уп. I-171/9**
**04. 08. 2000 год.**
**С К О П Ј Е**

Министерството за транспорт и врски, решавајки по барањето на Инвеститорот ППИТ "Мак - Аљб" од Тетово, под бр. Сл. од 23.11.1999 година, за издавање на Одобрение за градење на инвестиционит објект : "Сепарација со придружни објекти (монтажна авто-приколка и WC)" што ќе служат за површинска експлоатација на минерални суровини варовик од лежиштето "Добарски Жеден" општина Желино, а врз основа на член 18 од Законот за изградба на инвестициони објекти ("Сл. весник на СРМ" бр. 15/90) и член 202 од Законот за општа управна постапка ("Сл. лист на СФРЈ"- некогашна, бр. 47/86), го издава следното

## ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

СЕ ОДОБРУВА на Инвеститорот ППИТ "Мак -Аљб" од Тетово, да ги изгради инвестиционите објекти : "Сепарација со придружни објекти (монтажна авто-приколка и WC)" што ќе служат за површинска експлоатација на минерални суровини - варовик од лежиштето "Добарски Жеден" општина Желино, КО "Добарце", во м.в. "Жеден" на КП 1.

Инвестиционите објекти ќе се градат во се според приложената инвестиционо-техничка документација. Во случај на измени во инвестиционо-техничката документација, Инвеститорот е должен веднаш да поднесе барање со документација за истите до овој орган.

Рок за отпочнување со градбата е 6 (шест) месеци од издавањето на ова Одобрение.

Инвеститорот и изведувачот се должни во текот на градбата да постапуваат по одредбите на Законот за изградба на инвестициони објекти, позитивните прописи кои се однесуваат на инвестиционата изградба, условите дадени во одделните согласности и решенија, како и во Решението за услови за градење. Инвеститорот е должен да постапи по забелешките од техничката контрола на инвестиционо-техничката документација.

## О б р а з л о ж е н и е

Инвеститорот, ППИТ "Мак -Аљб" од Тетово, поднесе барање до овој орган за добивање Одобрение за градење на инвестиционите објекти : "Сепарација со придружни објекти (монтажна авто-приколка и WC)" што ќе служат за површинска експлоатација на минерални суровини - варовик од лежиштето "Добарски Жеден" општина Желино, а кон своето барање приложи :

1. Инвестиционо-техничка документација, главен проект за архитектура и статика на инфраструктурни објекти со зав. бр. 03-407 од 23.11.1999 год., една (1) книга, главен проект за локален пат со зав. бр. 03-406 од 23.11.1999 год,една (1) книга главен проект за водовод и канализација со зав. бр. 03-397 од 10.11.1999 год., една (1) книга, сите изработени од ДГПУ "ГЕИНГ" Крбс унд Кифер интернешнл и др. ДОО Скопје, регистрирано во Основен суд Скопје I во Скопје под Трег. бр. 234/98; Елаборат за ПП заштита со тех. бр. 012/99, една (1) книга, изработен од ДИТ АНИНГ Андреј ДООЕЛ Скопје, регистрирано во Основен суд Скопје I во Скопје под Трег. бр. 2400/98; Главен проект за електрични инсталации со тех. бр. 12/99, една (1) книга, изработен од ППИПП "Техноинвест" ДОО Скопје, регистрирано во Окружен стопански суд во Скопје под Срег. бр. 10492/93; Главен проект за технологија и машинство со зав. бр. 0803-63/1 од 15.11.1999 год., една (1) книга, и Еколошки елаборат со зав. бр. 0803-43/1 од 05.10.1999 год., една (1) книга, изработени од ДПИЗ РО ИНГ Ацо ДООЕЛ Скопје, регистрирано за проектирање со Решение од Заводот за статистика издадено под бр. 21-1676/2 од 06.07.1999 година.

2. Извештај за извршена техничка контрола на инвестиционо-техничката документација, согласно член 17 од Законот за изградба на инвестициони објекти, со тех. бр. 0803-12/2 од 30.11.1999 година изработен од страна на Комисијата формирана од Друштво за инженеринг проектирање и изведби на објекти САНИ-ИНГ Ацо ДООЕЛ Скопје, регистрирано во Основен суд Скопје I во Скопје под Трег. бр. 9511/98, Извештај бр. 08-214 од 22.11.1999 год. изработен од Друштво за производство, промет, проектирање, монтажа и инсталирање, инженеринг ПРОМОНТИНГ Чедомир ДООЕЛ Скопје, регистрирано во Основен суд Скопје I во Скопје под Трег. бр. 10842/98, Извештај бр. 02-14 од 05.11.1999 година изработен од Друштво за инженеринг и промет ЕНВИРОН Мирко ДООЕЛ од Скопје, регистрирано во Основен суд Скопје I во Скопје под Трег. бр. 4347/98, Извештаи бр. 15/99 од 10.11.1999 год. и бр. 03-417 од 26.11.1999 год. изработени од Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер интернешнл и др. ДОО Скопје, регистрирано во Основен суд Скопје I во Скопје под П. Трег. бр. 234/98 и Извештај бр. 022/99 од 23.11.1999 год. изработен од Производно трговско услужно претпријатие "АРХИНГ-95" Експорт-импорт, д.о.о. село Теарце, регистрирано во Окружен стопнски суд во Скопје под срег. бр. 5698/95.
3. Решение за Услови за градба бр. 08.Уп I-49/15 од 31.08.1998 година издадено од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.
4. Одлука бр. 23-2163/1 од 17.08.1998 година на Владата на Република Македонија за определување на услови за градба.
5. Договор за Концесија Бр. 08-2272 од 28.03.2000 година склучен помеѓу инвеститорот и Министерството за стопанство.
6. Претходни услови со бр. 09-1777/3 од 05.05.1998 година на Министерството за одбрана.
7. Согласност на проект за заштитаод пожари со УП I број 18-803/1 од 17.12.1999 год. на Министерството за внатрешни работи - Управа за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
8. Мислење по застапеност во проект на мерките за заштита при работа на Министерството за труд и социјална политика - Републички инспекторат за труд бр. 13-7022/99 од 26.01.2000 година.
9. Претходни услови од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр. 09-2987/2 од 27.04.1998 година, од аспект на шумарство, Договор за пошумување бр. 03-28/1 од 28.01.1998 година и Анекс на договорот бр. 03-305/1 од 22.06.1998 година заведен и склучен со Претпријатието за стопанисување со шуми "Лешница" од Тетово спрема поседовен лист УП. Бр. 1103-2659/1 од 11.07.2000 год. издаден од Републичка геодетска управа, Одделение за премер и катастар во Тетово.
10. Одобрение за експлоатација на експлоатационо поле со Уп. бр. 09-I-97/4 од 10.04.1998 година издадено од Министерството за стопанство, Сектор за геологија и рударство.
11. Доказ за решени имотно-правни односи, Решение за доделување на градежно земјиште на користење со непосредна спогодба издадено од Министерството за урбанизам градежништво под бр. 18-5529 од 21.07.2000 год, со правосилност од 04.08.2000 год.
12. Мислење за санитарна согласност. на главен проект бр. 13-8984/2 од 14.02.2000 год., издадено од Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат при Министерството за здравство.
13. Решение за водостопанска согласност бр. 12-9387/2 од 07.12.1999 година издадено од Републичката управа за водостопанство при Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.
14. Согласност на сообраќајни услови за градба бр. 07. Уп 165 од 13.07.1998 година, издадена од Министерството за сообраќај и врски, Сектор за сувоземен сообраќај.
15. Мислење од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата бр. 08-517/2 од 30.04.1998 година, доставено од Министерството за култура со допис бр. 10/1-2746/4 од 01.05.1998 година.
16. Мислење Бр. 09-1099 од 11.05.1998 година на Подрачната единица на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина во Тетово.
17. Одлука на советот на Месната заедница с. Добарце, општина Желино, заведена под бр. 0301/4 од 18.03.1998 година.
18. Согласност на проект од Министерството за животната средина, Заводот за животна средина бр. 12-2883/2 од 03.12.1999 година.

Откако се разгледани приложените списи одлучено е како во диспозитивот на ова Одобрение.

**"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт**
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул. "Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

ПОУКА : Незадоволната страна има право на жалба, преку ова Министерство, до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од втор степен од областа на урбанизмот и градежништвото, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Одобрение. Жалбата се таксира со 200,00 денари административни таксени марки.

Таксата по тарифа бр. 1 и 67 од Законот за измена и дополна на Законот за административни такси ("Сл. весник на РМ" бр.20/96) во износ од 850,00 денари е наплатена и приложена со барањето.

ДОСТАВЕНО ДО ;

- Инвеститор
- Републички инспекторат
- Архива

МИНИСТЕР

Љупчо Балковски, дипл. инж. арх.

ОДОБРЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО

30.08.200_ год.

## I.5 Re{enie za dodeluvawe na grade`no zemji{te za koristewe

FROM : MINIS.ZA URB.GRAD.SOOBR.EKO.Sk PHONE NO. : 389 91 117 163 Jul. 21 2000 12:42PM P1

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНИШТВО**
**Број 18-5529 од 21.07.2000 година**
**СКОПЈЕ**

Министерството за урбанизам и градежништво, Скопје решавајки по барањето на П.П.И.Т. "МАК - АЉБ "со седиште во Тетово за доделување на користење градежно земјиште, сопственост на Република Македонија за изградба на сепарација со придружни објекти, согласно Одлуката на Владата на Република Македонија 23-2163/98, врз основа на член 9 од Уредбата за условите, начинот и постапката за доделување градежно земјиште ("Сл.Весник на РМ" бр.24/96) донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за доделување на градежно земјиште на користење со непосредна спогодба**

1. На **П.П.И.Т. "МАК-АЉБ"-Тетово**, со седиште во Тетово **СЕ ДОДЕЛУВА** со непосредна спогодба на користење градежно земјиште, сопственост на Република Македонија што претставува дел од КП бр.1. КО-Добарце во површина од 1.408,00 м2 за изградба на објекти:сепарација со придружни објекти, согласно Одлука бр. 23-2163/98 на Владата на Република Македонија.

2. **СЕ УТВРДУВА ПРЕСТАНОК** на правото на користење на П.С.Ш. "Лешница"-Тетово на КП бр.1 КО-Добарце во површина од 1.408,00 м2.

3. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** инвеститорот да плати надоместок за стекнување на правото на користење градежно земјиште **408.320,00** денари, односно 290,00 денари по м2 на жиро сметка 41500-840-029-6275, даночен број 6.000.000.000.002, Депонент Народна Банка на РМ, во рок од 8 дена од приемот, во спротивно Решението не произведува правно дејство.

**4. Решението произведува правно дејство со добивањето на концесија од Владата на Република Македонија, а престанува да важи со престанокот на договорот за концесија.**

**Образложение**

П.П.И.Т. "МАК-АЉБ"-Тетово поднесе до Министерството за урбанизам и градежништво барање за доделување на користење градежно земјиште, сопственост на Република Македонија за изградба на објекти:сепарација со придружни објекти што претставува дел од КП бр.1, КО-Добарце во површина од 1.408,00 м2, согласно Одлука бр.23-2163 на Владат на Република Македонија.

Кон барањето инвеститорот приложи докази : Решение У.бр.08-1-49/15 од 31.08.1998 година (услови за градба) врз основа на кое е изготвен Извод Бр.18-117/2 од 24.01.2000 година на ПЕ-Тетово, список на индикации и нумерички податоци.

Министерството за урбанизам и градежништво, Скопје по службена должност ја утврди фактичката состојба на лице место при што утврди дека предметното земјиште евидентираниот корисник не го владее поради што го расчисти наведеното правно прашање како во точка 2 од ова Решение.

По оценка на сите прибавени докази и утврдена фактичка состојба се одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот преку овој орган до Комисија на Владата на Република Македонија надлежна за решавање на управни работи во втор степен во областа на имотно-правните работи, таксирана со 200,00 денари таксени марки

**ОД[illegible] ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**[illegible]АЛНИК,**
**К[illegible] [illegible]олева дипл.правник**

## I.6 Komunikaciona mapa na lokacijata



# I.7 Situaciona mapa na instalacijata




"ПАРТНЕР" ШАМКАРОВ-ДОО, Скопје
тел: 02 3222 200, тел/факс: 02 3111 428

"MAGAQB KIFER, Robert i drugi d.o.o.", експорт-импорт
Друштво за производство, инженеринг, промет и услуги - Скопје
бул. "Партизански одреди" 64а/2-2m; 1000 Скопје - Р. Македонија
Tel: ++389 2 3069-650 Tel / Faks: ++389 2 3065-517
Mob.: ++389 70 209-551 ; e-mail: akifer@mt.net.mk

# I.8 Situacija na lokacijata 1:1000

